

Фото: Илустрација

Хроника

# Кривична за полицаец кој си присвојувал службено оружје

Извршен е претрес во неговиот дом, при е пронајдена и одземена службена легитимација.

Слободне печат • 17/12/2019 - 19:28 0 Помалку од минута

СВР Струмица поднесе кривична пријава против М.Д.(29) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „послужување во службата“ и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“.

Извршен е претрес во неговиот дом, при е пронајдена и одземена службена легитимација, 26 куршуми калибар 9мм., 13 куршуми калибар 7,62 мм., тромблонски додаток за автоматска пушка, заштитен шлем со визир, пиштол и радио врска, кој истиот неовластено ги поседувал.

-На 06.12.2019 на ул.„Бетовенова“ во Струмица, во домот на пријавениот полициски службеник, полициски службеници извршиле претрес, при што

пронашле и одзеле службена легитимација, 26 куршуми калибар 9мм., 13 куршуми калибар 7,62 мм., тромблонски додаток за автоматска пушка, заштитен шлем со визир, пиштол и радио врска, кој истиот неовластено ги поседувал- наведуваат од МВР.

**Прочитајте и...** **Повредена жена во сообраќајка на патот Куманово - Крива Паланка**

---

*Преземањето на оваа содржина или на делови од неа без непосреден договор со редакцијата на Слободен Печат значи експлицитно прифаќање на условите за преземање, кои се објавени на сајтот.*

Тагови мвр насловна оружје полициски службеник хроника